Бр./Nr 12-5850/2 (2023)
12-01-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница, одржана на ден 11.01.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-5850/1 од 18.12.2023 година, со наводи за злоупотреба на функција за вработување на претседателот на ....., **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-5850/1 од 18.12.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, во електронска форма поднесена е пријава заведена со број 12-5850/1 од 18.12.2023 година со наводи за злоупотреба на функција за вработување на претседателот на ....., притоа наведувајќи дека истиот без оглас бил примен во .... на определено време за да потоа биде објавен оглас согласно неговите квалификации со економски факултет за да не можело друг да конкурира. Согласно наведеното смета дека се врши злоупотреба со партиска функција, а извршувал и функција на советник во општината.

При надлежното постапување по предметниот случај ДКСК констатира дека по однос на пријавените наводи нема елементи за надлежно постапување.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:

- Подносителот на пријавата

Изработил: С.И.
Одобрил: С.П.Д,Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**